**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА**

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ – КИЧЕВО**

# СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ НА КОСОВО И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БЛАГОСОСТОЈБАТА НА ГРАЃАНИТЕ

докторски проект

**Кандидат:**
Скендер Речица

**Индекс бр.** 33-III/Б

**Ментор:**
Проф. Д-р Елизабета Тошева

Битола, Септември 2024

**Содржина**


Апстракт ... 3
1. Вовед ... 4
   1.1. Користена методологија во студијата ... 5
2. Приватизација и нејзиното социо-економско влијание ... 5
   2.1. Историски и политички контекст на приватизацијата ... 6
   2.2. Економско и социјално влијание на приватизацијата во Косово ... 7
3. Странски директни инвестиции (СДИ) ... 8
   3.1. Улогата на странските директни инвестиции во економскиот развој ... 8
   3.2. Влијание на средината и предизвиците во привлекувањето на странски директни инвестиции во Косово ... 9
4. Дознаки и економијата ... 11
   4.1. Економско-социјално влијание на дознаките врз благосостојбата на домаќинствата и националниот економски развој ... 11
   4.2. Врската помеѓу дознаките, миграциските политики и економскиот развој ... 12
   4.3. Стратешки напори за насочување на дознаките кон продуктивни инвестиции 13
5. Пазарот на труд и невработеноста ... 14
   5.1. Демографската структура и нејзиното влијание врз пазарот на трудот ... 14
   5.2. Влијанието на емиграцијата врз работната сила ... 14
   5.3. Родови нееднаквости и нивното влијание врз невработеноста ... 16
   5.4. Технологијата и нејзиното влијание врз пазарот на трудот ... 17
6. Стратегии и политики за подобрување на социјалната заштита ... 18
   6.1. Долгорочни визии за социјалните политики ... 18
   6.2. Анализа на тековните системи ... 19
      6.2.1. Пензискиот систем ... 19
      6.2.2. Шемата за социјална помош ... 21
      6.2.3. Социјални услуги ... 22
   6.3. Развој на одржлив модел ... 23
7. Заклучок ... 24
Литература ... 25

# СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО КОСОВО И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БЛАГОСОСТОЈБАТА НА ГРАЃАНИТЕ

**Скендер Рецица**
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Северна Македонија
ORCID iD: https://orcid.org/0009-0008-7958-9490
Е-пошта: sreqica@gmail.com

**Проф. Д-р Елизабета Тошева**
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Северна Македонија
Е-пошта: elizabeta.tosheva@uklo.edu.mk

**Апстракт**
Овој докторски проект ги истражува с оцио-економските предизвици во Косово и нивното влијание врз благосостојбата на граѓаните.Фокусирајќи се на прашањата како што се невработеноста, сиромаштијата и социјалната нееднаквост, истражувањето ги разгледува структурните фактори кои ги влошиле овие проблеми во постконфликтниот контекст. Овие фактори вклучуваат социо-економските ефекти од приватизацијата, странските директни инвестиции, дознаките и економијата, пазарот на трудот и невработеноста, како и стратегиите и политиките за подобрување на социјалната заштита. Главната цел на ова истражување е анализата за влијанието на овие фактори врз квалитетот на животот и социјалната стабилност, се во фокусот на централното истражувачко прашање: Како овие предизвици влијаат врз општата благосостојба на граѓаните на Косово? Методологијата на истражувањето опфаќа детална анализа на извештаите и истражувањата кои се вршени од локални и меѓународни организации, дополнети со студии кои се спроведени од експерти во обласа, со цел да се обезбеди сеопфатно и детално разбирање на постојните предизвици. Наодите покажуваат дека невработеноста и сиромаштијата имаат значајно негативно влијание врз благосостојбата на граѓаните, придонесувајќи за продлабочување на нееднаквостите и оневозможувајќи одржлив социо-економски развој. Во заклучок, истражувањето ја потенцира неопходноста од сеопфатни реформи во социјалните и економските политики за подобрување на квалитетот на животот и обезбедување на одржлив развој во Косово. Препораките вклучуваат зајакнување на системот на социјална заштита, развој на политики насочени кон намалување на невработеноста и сиромаштијата и подобрување на пристапот до основните јавни услуги.

**Клучни зборови:** социо-економски предизвици, благосостојба, невработеност, сиромаштија, социјална нееднаквост.

# 1. Вовед

Република Косово е земја во транзиција со специфична историја која е обележана со конфликти и сложени предизвици, која се соочува со низа длабоки социо-економски проблеми кои значително влијаат на благосостојбата на нејзиното население. Во овој контекст, предизвиците како што се невработеноста, сиромаштијата и социјалната нееднаквост се присутни од поствоениот период, кои се влошени од сложени структурни фактори. Оваа студија има за цел да обезбеди сеопфатна анализа од влијанието на овие фактори врз квалитетот на живот и социјалната стабилност во Косово, критички испитувајќи ги аспектите како што се процесот на приватизација, странските директни инвестиции, дознаките, предизвиците на пазарот на трудот и невработеноста, како и стратегиите и политиките за подобрување на социјалната заштита.

Приватизацијата во Косово, која има за цел да го забрза економскиот развој, често резултираше со губење на работни места и влошување на социјалните нееднаквости, што придонесе за социјална фрагментација и економска дестабилизација (Knudsen, 2010). Странските директни инвестиции, кои честопати се гледаат како катализатор за развој, покажаа несоодветни резултати во Косово, каде што придобивките беа нерамномерно распределени, продлабочувајќи ги постојните нееднаквости. Слично на тоа, дознаките од дијаспората, иако обезбедуваат клучна поддршка за семејствата, создаваат значајна економска зависност која негативно влијае врз промовирањето на внатрешниот раст и одржливиот развој (Bajra, 2021).

Пазарот на трудот во Косово се соочува со значителни структурни предизвици, вклучувајќи висока невработеност, особено меѓу младите и жените, како и неформалноста и родова дискриминација (RCC, 2022). Овие предизвици не само што го попречуваат економскиот развој, туку и ги зајакнуваат социјалните поделби, со што го попречуваат создавањето на праведно и одржливо општество. Друг критичен аспект е недостатокот на ефективни стратегии и политики за подобрување на социјалната заштита, кои често се фрагментирани и ограничени во нивната имплементација (European Commission, 2021). Анализата на постојните политики и предлагањето нови стратегии ќе биде централно место во оваа студија, со цел да се обезбедат јасни препораки за креаторите на политики кои се базирани на податоците и препораките од релевантните институции.

Овој докторски проект има за цел да го алаизира и проучи социо-економскиот развој на Косово преку понуда на една длабинска анализа на структурните фактори кои или го олеснуваат или го попречуваат одржливиот развој на земјата. Истражувањето не само што има за цел да ги идентификува клучните предизвици, туку и да обезбеди длабоко разбирање на начинот на кој овие предизвици се взаемно поврзани и како тие влијаат врз благосостојбата на граѓаните на Косово.

Оправданоста на ова истражување лежи во неговата важност за креаторите на политиките и научниците, нудејќи нови решенија кои се базирани на релевентни податоци и согледувања за подобро разбирање на факторите кои или го поддржуваат или го попречуваат социо-економскиот развој на Косово. Ова истражување се фокусира на анализа на извештаи и студии од локални и меѓународни организации, како и студии од експерти во областа, користејќи интердисциплинарен пристап за да се обезбеди сеопфатен преглед на предизвиците и можностите за одржлив развој. Анализата има за цел не само да ги синтетизира постојните знаења, туку и да ги идентификува празнините во литературата и сегашните практики, со што ќе понуди препораки базирани на реални податоци за

подобрување на политиките и стратегиите насочени кон унапредувањето на социо-економскиот развој на Косово.

### 1.1. *Користена методологија во студијата*

Овој докторски проект користи интегриран методолошки пристап, комбинирајќи квалитативни и квантитативни анализи за да ги истражи социо-економските предизвици во Косово и нивното влијание врз благосостојбата на нејзините граѓани. Овој пристап со комбинирани методи овозможува сеопфатно разгледување на сложените динамики, овозможувајќи цврста основа за извлекување на заклучоци базирани на реални податоци и теоретски основи.

Во квалитативниот дел, студијата вклучува анализа на стратешки документи, институционални извештаи и академска литература со цел да се идентификуваат структурните и институционалните фактори кои што влијаеле на социо-економскиот развој на Косово. Теоретскиот пристап на анализата е применет за разбирање на наративите и политиките поврзани со приватизацијата, странските директни инвестиции, дознаките и развојот на пазарот на трудот. За делот „Стратегии и политики за подобрување на социјалната заштита “, беше спроведена детална анализа на јавните политики, вклучувајќи критичка проценка на постојните стратегии и предлози за реформи.

Во квантитативниот дел, се анализирани статистичките податоци од релевантните извори како што е Светската банка (WB), Агенцијата за статистика на Косово (ASK), Централната банка на Косово (CBK), како и други релевантни институции. Применети се описни и инференцијални статистички методи за да се идентификуваат клучните економски и социјални трендови за да се оцени нивното влијание врз благосостојбата на граѓаните и одржливиот развој. Во анализата на статистичките податоци е користена линеарна регресија и анализа на варијанса за да се испитаат релациите меѓу променливите варијабили како што се невработеноста, сиромаштијата, дознаките и нивното влијание врз Бруто домашниот производ (БДП) и социјалната нееднаквост.

За делот „Стратегии и политики за подобрување на социјалната заштита “, студијата користи нормативен пристап за да ја оцени ефикасноста на постојните политики и да предложи реформи базирани на меѓународни најдобри практики. Постојните социјални политики се анализирани за да се идентификуваат празнините и да се предложат подобрувања кои можат да придонесат за одржлив и инклузивен социо-економски развој.

Комбинацијата на овие методи овозможи создавање на добро структуриран и длабински анализиран пристап, кој осигурува дека резултатите се поткрепени со доверливи податоци и се толкуваат во добро дефиниран теоретски контекст. Оваа интеграција на квалитативни и квантитативни пристапи овозможи сеопфатна анализа која ги поддржува препораките за реформи и стратегии во социо-економскиот развој на Косово.

## 2. Приватизација и нејзиното социо-економско влијание

Приватизацијата се дефинира како процес на пренос на сопственоста и контролата врз претпријатијата или средствата од јавниот сектор во приватниот сектор, кој вклучува продажба на државни претпријатија, концесии и јавно-приватни партнерства. Примарната цел на приватизацијата е да се зголеми економската ефикасност преку подобро управување и зголемување на продуктивност, поттикната од конкуренцијата и иновациите во приватниот сектор (Estrin & Pelletier, 2015; Kikeri & Nellis, 2004).

Приватизацијата е клучна за трансформација на економиите од централизирани модели во слободни пазари, со цел зголемување на економската ефикасност, подобрување на финансиските перформанси, зголемување на инвестициите и намалување на јавниот долг (Megginson & Netter, 2001). Глобално, од 1980-тите години, приватизацијата се користи како алатка за зголемување на ефикасноста и поттикнување на економскиот раст, особено по макроекономските кризи во Западна Европа (Estrin, Hanousek, Kočenda & Svejanar, 2009).

Во Косово, приватизацијата играше клучна улога во реструктурирањето на јавните претпријатија по војната, но се соочи со значајни предизвици, вклучувајќи недостаток на институционален капацитет, проблеми со сопственоста на имотите, корупција и недостиг на транспарентност, кои го засегнаа нејзиното ефикасно спроведување (Knudsen, 2010).

### *2.1. Историски и политички контекст на приватизацијата*

Приватизацијата во Косово е тесно поврзана со сложената историја на регионот, која датира од периодот на поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ), каде што републиките и покраините, вклучувајќи го и Косово, имаа уставни права врз своите ресурси. Сепак, со укинувањето на автономијата на Косово од страна на Србија во 1990-тите години, сопственоста на општествените претпријатија беше централизирана под контрола на Белград (Malcolm, 1998). Ова создаде сложена основа за проблемите со имотот по војната, што го комплицираше процесот на приватизација и од институционална и од правна перспектива.

По завршувањето на војната во 1999 година, Косово се соочи со опустошена економија и сериозно оштетени јавни претпријатија. Мисијата на Обединетите нации во Косово (UNMIK) ја презеде одговорноста за економското закрепнување, вклучувајќи ја и приватизацијата, која стана централна компонента на стратегијата за воспоставување на функционална пазарна економија. Сепак, процесот се соочи со тековни структурни и политички предизвици (World Bank, 2004). Еден од клучните предизвици беше утврдувањето на сопственоста, поради сложениот концепт на јавна и општествена сопственост во поранешна Југославија, што предизвика одложувања во процесот, кој официјално започна дури во 2002 година со основањето на Косовската доверителска агенција (UNMIK Regulation 2002/12).

Од 1999 до 2008 година, приватизацијата стана една од главните активности на економската стратегија на УНМИК, поддржана од Европската унија (European Commission, 2009). Приватизацијата беше клучна за економското закрепнување на Косово по војната (UNMIK, 2006), но беше придружена со контроверзии, особено од Србија, која тврдеше дека има права врз косовските имоти и претпријатија. Овие приговори се намалија со прогласувањето на независноста на Косово и последователното меѓународно признавање.

До крајот на периодот 2002-2008 година, значителен број на претпријатија беа приватизирани, но собраните средства останаа блокирани во Доверителскиот фонд, што ја попречуваше нивната циркулација во економијата (Agjencia Kosovare e Privatizimit, 2008). За подобрување на процесот, во 2008 година беше основана Агенцијата за приватизација на Косово (Ligji për Agjencinë Kosovare të Privatizimit, 2008), но институционалните и правните предизвици продолжија да го попречуваат успехот. Во 2011 година, Собранието на Косово усвои нови закони за Агенцијата за приватизација и Специјална комора во Врховниот суд со цел да ја подобри правната рамка и да го забрза процесот на приватизација и ликвидација на имотите, дополнително зајакнувајќи ја улогата на Агенцијата (Ligji për Dhomën e

Posaçme të Gjykatës Supreme të Kosovës për Çështje në lidhje me AKP, 2011). Во овој период, Косово се соочуваше со висока невработеност и негативен трговски биланс. Приватизацијата имаше за цел да го поттикне економското закрепнување и создавање нови работни места, но нејзините ефекти останаа мешани и често контроверзни (Muharremi, 2012). Овој процес останува критичен од аспект на економскиот преод на Косово, со успехот што зависи од подобрувањето на институционалните капацитети и правната рамка за постигнување на долгорочен одржлив развој.

### *2.2. Економско и социјално влијание на приватизацијата во Косово*

Приватизацијата во Косово, официјално започната во 2002 година, одигра клучна улога во трансформирањето на економијата од централизирана социјалистичка во економија на слободен пазар. Примарните цели на овој процес вклучуваат подобрување на ефикасноста и продуктивноста во јавните претпријатија, создавање поволна средина за приватниот сектор и постигнување долгорочна економска стабилност. Во секторот, како што е енергетиката, приватизацијата доведе до значајни подобрувања, како што е случајот со Компанијата за дистрибуција и снабдување со електрична енергија на Косово (KEDS), каде што управувањето и ефикасноста значително се подобрија по приватизацијата (Riinvest Institute, 2015). Наспроти тоа, другите сектори, како што се преработката на дрво и текстилната индустрија, се соочија со значајни предизвици, вклучувајќи недостаток на инвестиции и потешкотии во пристапот до меѓународните пазари, што доведе до затворање на неколку претпријатија.

Процесот на приватизација во Косово беше проследен со изразени предизвици во поглед на транспарентноста и напорите во борбата против корупцијата, кои го ограничија потенцијалот за користење и фаворизираа политички поврзани со инвеститорите, негативно влијаејќи врз ефикасната алокација на ресурсите и развојот на клучните економски сектори (Ibrahimi, 2022). Недостатокот на јасна стратегија за индустрискиот развој и проблемите со спроведувањето на законите го попречија одржливиот економски раст (Terziu, 2015). Иако некои претпријатија успеаја да ја зголемат профитабилноста и ефикасноста, но невработеноста останува висока, особено кај младите.

Од друга страна, приватизацијата придонесе за зголемување на продуктивноста преку инвестиции во нови технологии и организациско реструктуирање, подобрувајќи ги производните процеси и намалувајќи ги оперативните трошоци. Сепак, овој процес се соочи со значајни структурни и институционални предизвици, вклучувајќи потешкотии со снабдувањето со енергија и инфраструктурните недостатоци, како и несигурната правна и економска средина, што го попречи целосното реализирање на придобивките од приватизацијата и создаде недоверба меѓу инвеститорите.

На социјално ниво, приватизацијата произведе сложени и често контрадикторни резултати. Додека некои претпријатија, како „Stone-Castle“ во Раховец, имаа корист од приватизацијата преку создавање нови работни места и зголемување на извозот, други случаеви, како што се: рудникот за магнезит во Стрезовце и фабриката „Ламкос“ во Вучитрн, доживеаа неуспех, продлабочувајќи ја социјалната и економската несигурност во заедниците во кои работеа (Kosovo Agency of Privatization, 2006; World Bank, 2010). Недостатокот на инвестиции во новите сектори кои би ја апсорбирале слободната работна сила резултираше со продолжена социјална и економска криза. За ублажување на негативните ефекти од приватизацијата, беа спроведени програми за развој на вештини и реинтеграција на невработените. Сепак, резултатите беа незадоволителни, укажувајќи на

потребата од поцелосни и долгорочни политики. Иако приватизацијата ги модернизираше одредени сектори, нејзините социјални ефекти често беа дестабилизирачки, што наложуваше потреба од заштитни мерки и поголемо вклучување на заедницата во процесот на донесување одлуки. За да се адресираат овие предизвици, Владата на Косово предложи создавање на Суверен фонд, со цел да се заштитат и одржливо зголемат вредностите на активите за максимизирање на економските и социјалните придобивки.

## 3. Странски директни инвестиции (СДИ)

### *3.1. Улогата на странските директни инвестиции во економскиот развој*

Странските директни инвестиции (СДИ) одиграа значајна улога во економскиот развој на Косово, особено по 1999 година, кога земјата започна да се интегрира во глобалната економија. Податоците од периодот 2007-2017 година укажуваат дека најголемиот прилив на СДИ е забележан во 2007-2008 година, главно во стратешките сектори какошто се  телекомуникациите и финансиските услуги. Меѓутоа, глобалната економска криза во 2008 година доведе до значително намалување на овие инвестиции, по што следеше постепено закрепнување во наредните години. Овие инвестиции придонесоа за раст на бруто-домашниот производ (БДП), кој во 2017 година достигна 6,282.2 милиони евра, првенствено влијаејќи во секторите за недвижности и деловни активности, со што поттикнаа економски раст (European Journal of Economic & Financial Research, 2021).

| Year | FDI | GDP |
|---|---|---|
| 2007 | 440,7 | 4,210,0 |
| 2008 | 369,9 | 3,882,7 |
| 2009 | 287,4 | 4,069,6 |
| 2010 | 368,5 | 4,402,0 |
| 2011 | 384,4 | 4,814,5 |
| 2012 | 229,1 | 5,058,8 |
| 2013 | 280,2 | 5,326,7 |
| 2014 | 151,2 | 5,567,5 |
| 2015 | 308,8 | 5,807,0 |
| 2016 | 220,0 | 6,070,1 |
| 2017 | 287,8 | 6,282,2 |

*Табела 1: СДИ и БДП за годините 2007 – 2017*
*Извор: Податоците се преземени од ЦБК и АСК*

| Year Description | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Total | 440 | 369.9 | 287.4 | 368.5 | 384.4 | 229.1 | 280.2 | 151.2 | 308.8 | 220.0 | 287.8 |
| Agriculture | 7.9 | 8.5 | 13.1 | 0.9 | 0.6 | 0.3 | 0.4 | 0.2 | 1.0 | 1.2 | -1.3 |
| Mines | 41.5 | 17.4 | 7.0 | 17.7 | -5.2 | -25.0 | -14.1 | 4.2 | -36.9 | -19.1 | 4.59 |
| Industry | 74.8 | 53.7 | 57.6 | 101.1 | 46.9 | 27.4 | 11.5 | -34.0 | 20.7 | 4.6 | -32.7 |
| Energy | 2.5 | 16.7 | 8.7 | ... | 0.3 | 2.2 | 48.8 | 13.4 | 11.9 | 3.4 | -1.0 |
| Building | 5.2 | 13.5 | 35.5 | 54.2 | 133.1 | 31.1 | 17.3 | -19.9 | 46.3 | 28.2 | 4.7 |
| Commercial services | 12.7 | 10.1 | 16.2 | 6.8 | 11.6 | 9.3 | 14.6 | 8.4 | 12.0 | 14.5 | 89.8 |
| Hotels and Restaurants | 12.7 | 2.1 | 2.4 | ... | 0.2 | 0.5 | 0.8 | 0.4 | 0.0 | 0.7 | 0.8 |
| Transport and communication | 129.2 | 51.0 | 21.9 | -15.9 | 29.0 | 32.4 | 51.0 | -9.1 | -6.1 | -9.1 | -6.6 |
| Financial services | 102.0 | 109.6 | 75.3 | 39.4 | 33.0 | 22.4 | 4.4 | 41.9 | 64.3 | 19.0 | 55.3 |
| Real estate, renting and other business activities | 30.9 | 62.2 | 43.9 | 75.5 | 60.5 | 115.7 | 136.1 | 142.1 | 189.6 | 167.6 | 187.3 |
| Other services | 4.5 | 2.1 | 2.7 | 1.3 | 11.3 | 1.8 | 3.3 | 2.2 | 4.5 | 9.4 | 4.9 |
| Activities not classified elsewhere | 16.9 | 23.0 | 11.3 | 87.6 | 63.2 | 11.0 | 6.2 | 1.4 | 1.4 | -0.6 | 1.5 |

*Табела 2: СДИ во Косово според економска активност*
*Извор: ЦБК 2019*

Според Годишниот извештај на Централната банка на Косово за 2023 година, странските директни инвестиции (СДИ) достигнаа 844,3 милиони евра, со што се бележи годишен раст од 15,3%, што претставува 8,7% од БДП. Иако секторот на недвижности остана доминантен, тој забележа пад од 3,4%, додека финансискиот и енергетскиот сектор покажаа умерен раст, укажувајќи на диверзификација во изворите на инвестиции. Германија, Швајцарија и Соединетите Американски Држави се главните извори на СДИ, што ги одразува силните економски врски на Косово со овие развиени економии (Central Bank of Kosovo, 2023).




*Слика 1: Странски директни инвестиции 2023*
*Извор: ЦБК (2024)*

**Странските директни инвестиции (СДИ)** донесоа значителен капитал, технолошко знаење и менаџерска експертиза, модернизирајќи различни сектори на економијата и подобрувајќи го инвестициското опкружување во Косово (Haliti, Merovci & Rexha, 2019). Сепак, приливите на СДИ беа нестабилни, под негативно влијание на политичката нестабилност и високите нивоа на корупција. Според Институтот за слободна пазарна економија (2019), ниската институционална кредибилност и корупцијата ја поткопаа довербата на странските инвеститори, со што се попречува одржливиот економски развој на земјата (Institute for Free Market Economy, 2019). За да ја зголеми својата атрактивност за странски инвеститори, Косово треба да го подобри деловното опкружување, да го зајакне владеењето на правото и да се бори против корупцијата. Закони како што е Законот за стратешки инвестиции обезбедуваат посигурна рамка за инвеститорите, со цел зголемување на конкурентноста и стабилноста на пазарот (Kuvendi i Republikës së Kosovës, 2017). Диверзификацијата на економските сектори и привлекувањето инвестиции во технологија и производство се клучни за одржлив економски раст и обезбедување постојан прилив на СДИ во иднина.

### *3.2. Влијание на средината и предизвиците во привлекувањето на странски директни инвестиции во Косово*

Средината за странски директни инвестиции (СДИ) во Косово е под влијание на клучни фактори како што се политичката стабилност и нивото на корупција. Според извештајот на Стејт департментот на САД за 2024 година, и покрај напредокот во подобрувањето на деловното опкружување, предизвиците како што се политичката нестабилност и корупцијата продолжуваат да го попречуваат приливот на странски инвестиции. Подобрувањата во процесите за регистрација на бизниси и градежни дозволи не биле доволни за да ги решат проблемите поврзани со спроведувањето на правата на

сопственост и недостатокот на единствен катастар, што претставуваат значајни пречки за економскиот развој (U.S. Department of State, 2024).

СДИ донесоа значителен капитал, напредни технологии и менаџерска експертиза, кои се од суштинско значење за модернизација на клучните сектори на економијата во Косово. Според Фондацијата Конрад Аденауер (2020), најголем дел од овие инвестиции се концентрирани во секторите на недвижности, енергетика и трговија, додека секторите за градежништво и финансиски услуги забележаа пад. Инвестициите од Швајцарија, Германија, Албанија и Соединетите Американски Држави придонеао за зголемување на производствените капацитети и развој на инфраструктурата (Konrad Adenauer Stiftung, 2020).

Во 2023 година, Косово усвои Закон за одржливи инвестиции со цел зајакнување на институциите и создавање поповолна рамка за странските инвеститори (OECD, 2024). Правната рамка, вклучувајќи го Законот за странски инвестиции (Kuvendi i Republikës së Kosovës, 2014) и Законот за стратешки инвестиции, одигра значајна улога во заштитата и промоцијата на странските инвестиции. Сепак, имплементацијата на овие закони останува предизвик, со постојани проблеми во спроведувањето на договорите и правата на сопственост.

Според податоците од Американската стопанска комора во Косово (2021), приливот на СДИ забележа значителни флуктуации, главно поради пандемијата со COVID-19, што укажува на тоа дека подобрувањата во инвестициското опкружување сѐ уште не се одржливи (Oda Ekonomike Amerikane në Kosovë, 2021). Ова го нагласува значењето на политичката стабилност, зајакнувањето на владеењето на правото и борбата против корупцијата за привлекување одржливи инвестиции во иднина.

Секторската распределба на СДИ создаде нерамнотежа во економијата, оставајќи сектори со висок потенцијал како земјоделството и туризмот недоволно искористени. Извештајот на Европската комисија за 2023 година за Косово нагласува дека подобрувањето на деловното опкружување и зајакнувањето на институционалните капацитети се од суштинско значење за привлекување на инвестиции во овие сектори, со што ќе се диверзифицира економијата и ќе се обезбеди одржлив развој (European Commission, 2023). Слично на тоа, извештајот на РКЦ „Ослободување на потенцијалот за конкурентност: Трендови на ЗБ" ја нагласуваат важноста на подобрувањето на деловното опкружување за привлекување на инвестиции и диверзификација на економската база на Косово (RCC, 2023).

И покрај напредокот во воспоставувањето на правната рамка за правата на странските инвеститори, упорната корупција, неадекватната инфраструктура и политичката нестабилност остануваат сериозни пречки за привлекување на СДИ. Подобрувањето на овие елементи е клучно за создавање поповолно опкружување за странските инвестиции и постигнување на одржлив економски развој (Konrad Adenauer Stiftung, 2020).

За да се надминат овие предизвици и да се максимизира потенцијалот на СДИ, Владата на Косово мора да се фокусира на подобрување на физичката и дигиталната инфраструктура, развој на човечкиот капитал преку образование и стручно оспособување, одржување на макроекономската стабилност и зајакнување на економското управување. Диверзификацијата на секторите, особено во земјоделството и туризмот, се клучни за

економски одржлив развој и за постигнување долгорочна стабилност и просперитет во земјата.

## 4. Дознаки и економијата

Дознаките се клучен извор на надворешни приходи за економијата на Косово, имајќи значајна улога во макроекономската стабилност и социјалниот развој. Овие финансиски средства, главно испраќани од дијаспората, придонесуваат за одржување на билансот на надворешните сметки, намалување на сиромаштијата и подобрување на општата благосостојба на населението. Според Годишниот извештај на БКК (2023), примените дознаки во 2023 година изнесуваат 1,3 милијарди евра, што претставува зголемување од 9,9% во споредба со претходната година и опфаќа 13,9% од БДП. Главни извори на дознаките се Германија, Швајцарија и САД, додека трансферите преку формални и неформални канали значително се зголемија, играјќи клучна улога во справувањето со макроекономските предизвици (Central Bank of Kosovo, 2023).




*Слика 2: Дознаки 2023*
*Извор: ЦБК (2024)*

### *4.1. Економско-социјално влијание на дознаките врз благосостојбата на домаќинствата и националниот економски развој*

Дознаките во Косово имаат клучно значење во подобрувањето на благосостојбата на домаќинствата и поттикнувањето на економскиот развој. Дознаките придонесуваат за покривање на основни трошоци, како што се здравствената заштита и образованието, како и за стабилизирање на локалната економија и намалување на социо-економските нееднаквости. Меѓутоа, голем предизвик останува фактот што најголем дел од овие средства се користат првенствено за потрошувачка, наместо за продуктивни инвестиции, што ја нагласува потребата за насочување на дознаките кон долгорочен развој, како што се инвестициите во претприемништво и човечки капитал.

На макроекономско ниво, дознаките имаат значително големо влијание, покривајќи над 40% од трговскиот дефицит на Косово, што ја намалува зависноста на земјата од надворешни заеми и ја зајакнува финансиската стабилност на економијата. Овој аспект е особено важен за економијата која е ранлива на глобалните кризи и структурните предизвици (Bellaqa & Tmava, 2018). Сепак, големата зависност од дознаки ја прави економијата подложна на флуктуации во приливот на средствата, кои можат да бидат предизвикани од глобалните фактори како што се инфлацијата или геополитичките несигурности.

Дополнително, дознаките можат да влијаат врз пазарот на труд преку создавање на демотивирачки ефект кај некои приматели, кои можеби ќе бидат помалку склони да бараат вработување, со што се намалува понудата на труд и се создаваат предизвици за одржливиот економски развој. За надминување на овие предизвици, неопходно е владините политики да се насочат кон канализирање на дознаките во продуктивни инвестиции и проекти кои ќе создаваат нови работни места и ќе ја зголемат економската продуктивност. Развивањето на иновативните финансиски механизми, како што се обврзниците од дијаспората, можат да бидат ефективен инструмент за насочување на овие средства кон одржлив развој (Germin & UNDP, 2023).

### *4.2. Врската помеѓу дознаките, миграциските политики и економскиот развој*

Косово е една од земјите со највисока зависност од дознаки во Европа, при што овие финансиски приливи достигнуваат до 15% од БДП, играјќи клучна улога во макроекономската стабилност и благосостојбата на домаќинствата. Ова високо ниво на зависност, кое е највисоко во Западен Балкан, е под силно влијание на миграциските политики на земјите-домаќини, кои директно го регулираат текот на овие средства (Bajra, 2021).




*Слика 3. Удел на учеството на дознаките во БДП на земјите од Западен Балкан 6 (WB6)*
*Извор: Journal of Business Economics and Management*

Емпириската анализа на Светската банка, фокусирана на земјите од Западен Балкан во периодот од 2000 до 2019 година, покажува дека Косово има најголема зависност од дознаки, кои сочинуваат 16.65% од нејзиниот БДП, придружено со стапка на раст на БДП од 5.16%. Албанија и Босна и Херцеговина исто така покажуваат значителна зависност од дознаки (13.50% и 15.21% од БДП) со умерени стапки на раст на БДП (4.26% и 3.34%). За разлика од нив, Северна Македонија и Црна Гора имаат пониски нивоа на дознаки како процент од БДП (3.33% и 10.12%), соодветно на пониски стапки на раст на БДП (2.86% и 3.12%). Оваа анализа ја нагласува важноста на дознаките за економската стабилност, особено во Косово, сугерирајќи дека зависноста од дознаки е клучен фактор за економскиот развој на овие земји. Разликите меѓу земјите укажуваат на тоа дека локалните политики и економските фактори играат значајна улога во обликувањето на оваа зависност.




*Слика 4: Раст на БДП и присуство на дознаките во БДП за земјите од Западен Балкан 6 (WB6) 2000-2019*
*Извор: База на податоци на Светската банка*

Меѓународната миграција стана стратегија за преживување за многу косовски семејства, обезбедувајќи континуиран финансиски прилив на дознаки кои го подобруваат животниот стандард и ја намалуваат сиромаштијата и социо-економската нееднаквост. Дознаките значително влијаат во подобрувањето на приходите на примателските домаќинства, намалувајќи ја сиромаштијата и подобрувајќи ги условите за живот. Истражувањата покажуваат дека дознаките можат да ја намалат нееднаквоста во приходите, иако во некои случаи тие имаат тенденција да ги фаворизираат семејствата со повисоки приходи, кои имаат поголема веројатност да испраќаат мигранти во странство (Ivlevs, King, & Ozden, 2018).

На макроекономско ниво, дознаките покриваат повеќе од 40% од трговскиот дефицит на Косово, што ја намалува зависноста од надворешно финансирање и ја зајакнува финансиската стабилност на земјата. Сепак, оваа висока зависност создава структурни предизвици, вклучувајќи ранливост на глобалните кризи и промените во миграциските политики на земјите-домаќини, кои би можеле да ја загрозат долгорочната економска стабилност на Косово.

### 4.3. Стратешки напори за насочување на дознаките кон продуктивни инвестиции

Владата на Косово има имплементирано политики за насочување на дознаките кон продуктивни инвестиции преку понуда на фискални поттикнувања и подобрување на деловната клима во стратешките сектори, како што се енергетиката и земјоделството. Сепак, ефективноста на овие политики е ограничена поради недостатокот на соодветна инфраструктура и недостигот од механизми за долгорочно насочување на дознаките во инвестиции. Проектот „Прозорец за инвестиции од дијаспората “, развиен во соработка со Косовскиот фонд за кредитни гаранции и USAID, има за цел да ги олесни инвестициите од дијаспората, но потребни се понапредни механизми за мерење на перформансите и подетална анализа на потребите на инвеститорите од дијаспората (Kosovo Credit Guarantee Fund, 2024).

Клучен предизвик останува несогласеноста меѓу целите на испраќачите на дознаките и примателите, при што поголемиот дел од средствата се користат за непосредна потрошувачка наместо за продуктивни инвестиции. Сегашните политики не успеваат ефективно да ги насочат дознаките кон создавање нови бизниси или други продуктивни инвестиции. Според студијата за влијанието на дознаките на Западен Балкан, вклучувајќи го и Косово, дознаките имаат значителен ефект врз економскиот раст, но нивната употреба за продуктивни инвестиции останува ограничена. Студијата сугерира дека дознаките би

можеле да одиграат клучна улога во одржливиот економски развој доколку политиките се насочени кон поттикнување на инвестиции во секторите со висок развоен потенцијал (Collaku & Merovci, 2021).

# 5. Пазарот на труд и невработеноста

## *5.1. Демографската структура и нејзиното влијание врз пазарот на трудот*

Демографската структура на Косово се карактеризира со исклучително младо население, од кое над 50% се под 30-годишна возраст и претставува комплексен предизвик и ретка можност за пазарот на трудот. Овој демографски профил бара добро осмислен стратешки пристап кој ќе вклучува создавање нови работни места и развој на вештини, со цел да се задоволат потребите на сѐ подинамичниот пазар на труд.

Високото ниво на невработеност кај младите и емиграцијата на квалификуваната работна сила претставуваат значајни пречки за долгорочниот економски развој. Истражувањата укажуваат дека оваа масовна емиграција на младите не само што резултира со губење на човечки капитал, туку и придонесува за постепено стареење на населението, што има сериозни импликации врз одржливоста на системот за социјална заштита и конкурентноста на пазарот на труд. Според најновите податоци, стапката на невработеност кај младите изнесува 17.3%, додека загрижувачки 42.2% од лицата на возраст од 15-19 години се невработени повеќе од една година, што ја истакнува длабочината на кризата на пазарот на трудот и нејзините импликации за социјалната и економската стабилност. Дополнително, 33.4% од младите на возраст од 15-24 години не се ниту вработени, ниту вклучени во образование или обука (Kosovo Agency of Statistics, 2024). Овие бројки укажуваат на сериозна криза на пазарот на труд за младите, со значителни последици врз социјалната стабилност и економскиот развој.

Недостигот од усогласеност меѓу образовниот систем и потребите на пазарот на трудот создадоа изразен јаз во вештините, кој дополнително ја влошува долгорочната невработеност и ја поттикнува миграцијата на младите. Оваа неусогласеност меѓу квалификуваната и неквалификуваната работна сила ја нагласува потребата за натамошни реформи во образовниот систем и поблиска соработка со приватниот сектор (GIZ, 2020).

Владините напори за подобрување на поврзаноста меѓу образованието и пазарот на трудот преку реформи во стручното образование и поттикнување на информатичките и комуникациските технологии во високото и средното образование се позитивен чекор, но успехот на овие реформи зависи од нивната усогласеност со тековните потреби на пазарот (Government of Kosovo, 2022).

## *5.2. Влијанието на емиграцијата врз работната сила*

Емиграцијата на работната сила предизвикува значајни импликации во социо-економскиот развој на Косово, создавајќи изразен дефицит на човечки ресурси во клучните сектори како што се градежништвото, технологијата и здравството. Во 2022 година, Косово се соочи со негативен миграциски баланс од -30.889 лица, што значително ја намали базата на работна сила и претставува еден од најсериозните предизвици за пазарот на труд и економскиот раст на земјата (GAP Institute, 2024).




*Слика 5: Миграција во Косово 2012 – 2022*
*Извор: АСК 2022*

И покрај обврските на Косово, согласно Договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ за хармонизација на трудовото законодавство, спроведувањето на овие реформи се соочува со предизвици (Council of the European Union, 2015). Недостатокот од ефективни механизми за развој на професионални вештини и подобрувањето на работните услови доведе до перманентен тренд на одлив на квалификувана работна сила. Инвестициите во образование и стручно оспособување се клучни за подготовка на работната сила што одговара на потребите на пазарот, додека подобрувањето на работните услови и понудата на финансиски и нефинансиски поттикнувања за враќање на квалификуваната работна сила се од суштинско значење за решавање на „одливот на мозоци “.

Студиите на УНДП укажуваат дека бизнисите во Косово се соочуваат со значителни предизвици при регрутирањето на квалификувана работна сила поради тековната емиграција, особено во малите претпријатија, каде што 61% од нив пријавуваат значителни празнини во структурата на работната сила (UNDP Kosovo, 2020).

| **Големина на бизнисот** | **Просечен број на вработени кои го напуштиле бизнисот од било која причина** | **Просечен број на вработени кои го напуштиле бизнисот поради емиграција** | **Процент на вработени кои го напуштиле бизнисот поради емиграција од вкупниот број на оние кои заминале** |
|---|---|---|---|
| **1-9 вработени (N=91)** | **2** | **1** | **46%** |
| **10-49 вработени (N=66)** | **6** | **4** | **61%** |
| **50+ вработени (N=44)** | **14** | **6** | **48%** |

*Табела 3: Колку вработени си заминале во последните три години поради емиграција?*
*Извор: УНДП Косово - Проект „Пулс на јавното мислење“, Приштина, 2020*

### *5.3. Родови нееднаквости и нивното влијание врз невработеноста*

Пазарот на трудот во Косово се карактеризира со изразени родови нееднаквости, каде жените се соочуваат со структурни бариери кои сериозно го ограничуваат нивното економско учество и напредок. Според Анкетата за работната сила од 2023 година, стапката на невработеност кај жените достигна 18.2%, што е значително повисока во споредба со 7.7% кај мажите, што ја рефлектира упорната родова нееднаквост на пазарот на трудот (Kosovo Agency of Statistics, 2024). Дополнително, жените се претежно застапени во сектори со пониски примања, со ограничени можности за професионален развој, што ги истакнува бројните бариери кои го попречуваат нивното економско зајакнување.




*Слика 6: Стапка на невработеност според пол*
*Извор: Агенција за статистика на Косово. (2024). Анкета за работна сила 2023*

| Kosovë | Meshkuj | Femra | Gjithsej |
|---|---|---|---|
| **PAPUNËSIA (NË MIJËRA)** | | | |
| 15-64 | 25510 | 26341 | 51851 |
| **SHKALLA E PAPUNËSISË (%)** | | | |
| 15-64 | 7.7 | 18.2 | 10.9 |

*Табела 4: Невработеност и стапка на невработеност според пол*
*Извор: Агенција за статистика на Косово. (2024). Анкета за работна сила 2023*

Родовите нееднаквости не се само резултат на сегментацијата на пазарот на трудот, туку и последица на културни и социјални фактори кои го продлабочуваат родовата нерамноправност и ги попречуваат жените да учествуваат во повеќе формализираните и подобро платени сектори на економијата. Законот за родова еднаквост и меѓународните конвенции како што се CEDAW и Истанбулската конвенција го обврзуваат Косово да преземе мерки за елиминирање на родовата дискриминација и да обезбеди еднакви услови за жените на пазарот на трудот. Сепак, спроведувањето на овие одредби останува предизвик поради недоволниот систематски мониторинг и усогласеност со законодавството (Assembly of the Republic of Kosovo, 2015; United Nations, 1979; Council of Europe, 2011).

Друг значаен фактор кој го ограничува учеството на жените на пазарот на трудот е недостатокот на соодветна инфраструктура за грижа на деца и недостигот од закони за трудот кои се однесуваат за заштитата на жените за време на бременост и породилно

отсуство. Студијата на РСС за пазарите на трудот на Западен Балкан (2019-2020) укажува дека учеството на машката работна сила достигнува 70.3%, стапка која е речиси еднаква со просекот на ЕУ, додека учеството на жените е значително пониско, со 49.4%. Овој родов јаз е особено загрижувачки во Косово, каде стапката на учество на жените во работната сила е само 19.8%, во споредба со 61.2% во Албанија. Просечниот родов јаз во учеството на работната сила на Западен Балкан, кој изнесува 20.9 процентни поени, според анализите на РСС, е речиси двојно поголем од јазот во ЕУ27, кој изнесува 10.7 процентни поени (RCC, 2022). Овие податоци укажуваат на длабоки структурни и социјални бариери кои го ограничуваат учеството на жените на пазарот на трудот и имаат негативно влијание врз нивните можности за професионален напредок и економско зајакнување.




Слика 7: Стапки на учество на работната сила во возрасната група 15-64 години според пол, 2020 (%)
Извор: Евростат (ЕУ27)

Програмата за родова еднаквост на Косово 2020-2024 ја нагласува потребата од развој на инфраструктура за грижа за деца и креирање политики кои ќе им овозможат на жените да го балансираат професионалниот и семејниот живот. Ефикасната имплементација на овие политики е од суштинско значење за обезбедување пошироко и поодржливо вклучување на жените на пазарот на труд и за адресирање на родовите нееднаквости кои продолжуваат да влијаат негативно врз економијата на Косово и да го ограничуваат економскиот развој (Government of Kosovo, 2020).

Предизвиците со кои се соочуваат жените на пазарот на трудот во Косово произлегуваат од комбинација на недоволно спроведените политики и недостаток на поддржувачка инфраструктура која би овозможила нивно целосно учество. Иако Законот за родова еднаквост предвидува зголемување на застапеноста на жените во процесот на донесување одлуки и обезбедување еднаквост на пазарот на трудот, тој не се спроведува соодветно, што создава јаз меѓу намерите на законодавството и практичната реалност.

### 5.4. *Технологијата и нејзиното влијание врз пазарот на трудот*

Технологијата ја трансформира глобалната работна средина, зголемувајќи ја продуктивноста и оптимизирајќи ги економските процеси. Технологиите, како што е вештачката интелигенција (AI) и машинското учење заменуваат рутински задачи со автоматизирани системи, пренасочувајќи ја работната сила кон задачи со повисока комплексност и креативност. Употребата на чат-ботови и подобрувањето на безбедноста во високо-ризични сектори се примери за оваа трансформација.

Сепак, овие напредни иновации носат и предизвици, како намалување на побарувачката за нискоквалификувани работници, особено во сектори како што се производството и логистиката, што го зголемува ризикот од невработеност. Ова налага стратешки интервенции за ублажување на негативните ефекти од автоматизацијата и обезбедување поправедна распределба на придобивките од технолошкиот напредок.

Во Западен Балкан, усвојувањето на напредни технологии е спорово, иако пандемијата на COVID-19 го забрза процесот. Според анализите на РСС (2022), само 16% од претпријатијата во регионот користат облак-компјутинг, што е значително пониско од просекот на ЕУ од 34% (RCC, 2022).




*Слика 8: Претпријатија кои користат анализа на големи податоци, 2021*
*Извор: Евростат ЕУ ДЕСИ 2022 (просек на ЕУ)*

Во Косово, напредокот во секторот за информатичката технологија останува ограничен поради недоволната достапност на квалификувани експерти за напредните технологии. Само 17% од претпријатијата користат софтвер за планирање на корпоративните ресурси (ERP), а само 9% издаваат електронски фактури во деловните процеси, што е под регионалниот просек. Дополнително, само 24% од малите и средни претпријатија (МСП) достигнуваат основно ниво на дигитална трансформација, што е значително пониско од регионалниот просек од 35% (RCC, 2022).

## 6. Стратегии и политики за подобрување на социјалната заштита

### *6.1. Долгорочни визии за социјалните политики*

Долгорочните социјални политики во Косово бараат сеопфатен пристап за изградба на одржлив систем на социјална заштита кој ќе ги опфати сите сегменти на општеството. Успехот на овие политики зависи од координирана стратегија која ќе се справи со структурните предизвици на земјата и ќе се протега подалеку од краткорочните интервенции. Овој процес е од суштинско значење за зајакнување на социјалната кохезија и постигнувањето одржлив економски развој. Како што Косово минува низ различните фази на социо-економската трансформација, потребата за инклузивен систем на социјална заштита станува сè поитна. И покрај напредокот во зајакнувањето на институциите и подобрувањето на законската рамка, сè уште постои значителен простор за подобрување за да се обезбеди еднаков пристап за сите граѓани.

Зајакнувањето на институциите е клучно за ефикасното спроведување на социјалните политики во Косово. Институциите мора да бидат опремени со соодветни капацитети и реформирани за да се соочат со актуелните предизвици. Клучен приоритет е

унапредувањето на координацијата помеѓу централните и локалните институции за да се избегне дуплирање на напорите и да се оптимизира распределбата на ресурсите. Интервенциите на Европската унија во системот на социјална заштита во Косово значително ја подобрија неговата ефикасност и одржливост. Овие интервенции придонесоа за развој на правните и политичките рамки, создавајќи посилна основа за социјална заштита. Подобрувањата во испораката на услуги и зајакнувањето на локалните институции помогнаа да се решат предизвиците како што се политичката нестабилност и пандемијата на КОВИД-19, додека истовремено го проширија пристапот до основните услуги за ранливите групи (European Union, 2024).

### *6.2. Анализа на тековните системи*

По завршувањето на конфликтот во Косово кон крајот на 1990-тите години, реконструкцијата на системот за социјална заштита стана клучен дел од консолидирањето на државните институции. Меѓународните интервенции и формирањето на нови институции по прогласувањето на независноста во 2008 година беа насочени кон подобрување на благосостојбата на граѓаните и адаптирање на системот на социјалната заштита на новите потреби и предизвици.

Сепак, значајни структурни и институционални предизвици се уште преовладуваат. Тековниот систем, кој е структуриран врз основа на пензиските шеми, социјалната помош и семејните социјални услуги, се соочува со ограничувања во капацитетот и покриеноста. Недостатокот на финансиски ресурси и слабата координација меѓу централните и локалните институции претставуваат значајни предизвици. Подобрувањето на опфатот и ефикасноста на овие системи е од суштинско значење за да се обезбеди еднаков пристап до придобивките и да се изгради одржлив систем на социјална заштита во согласност со меѓународните стандарди.

#### *6.2.1. Пензискиот систем*

Пензискиот систем на Косово помина низ различни фази на развој по завршувањето на војната во 1999 година и прогласувањето на независноста во 2008 година, со цел да се воспостави одржлива и инклузивна мрежа на социјална заштита. Сепак, структурните предизвици, фрагментацијата на шемите и недостатокот на ефективна координација меѓу институциите го прават системот ранлив на идните ризици. Во моментов, Косово има 22 различни пензиски и бенефицирани шеми регулирани во осум закони, но правниот плурализам придонесува за создавање на нееднаквости меѓу корисниците, особено за ранливите групи како лицата со попреченост (World Bank, 2022).

Еден од главните предизвици е отсуството на консолидиран, придонесен социјален осигурителен систем, што ја ограничува долгорочната одржливост на пензискиот систем. Во моментов, само една третина од работоспособното население придонесува во вториот столб на системот, кој обезбедува привремени и ограничени пензии. Во меѓувреме, пензиите за лицата со попреченост и преживеаните остануваат значително ограничени, што предизвикува загриженост за иднината и финансиската одржливост на системот.

Анализата на Светската банка (2022) истакнува дека распределбата на паричните трансфери во Косово е нерамномерна, што доведува до значителни диспропорции во системот на социјална заштита. Иако расходите за парични трансфери се високи во споредба со другите земји од Западен Балкан, над 90% од овие средства се алоцирани за основни старосни пензии, воени ветерани и лица со попреченост. Наспроти тоа, шемите за

социјална помош за сиромашните претставуваат само 0.45% од Бруто домашниот производ (БДП), или околу 7% од вкупните парични трансфери, создавајќи неурамнотежен и неправеден систем (World Bank, 2022).




*Слика 9: Состав на расходите за парични трансфери во Косово, 2019 % од БДП).*
Шема за социјална помош (56%): Други форми на социјална помош (26%): Основни и неконкурентни пензии (7%): Пензии за инвалидитет (7%): Специјални пензии (3%): Пензии за ветерани од војната и поврзани со војната (1%):

*Извор: Проценки на персоналот на Светска банка врз основа на национални статистички податоци (2019).*

Одлуката на Уставниот суд од 2023 година за признавање на периодот на невработеност за работниците кои беа принудно отпуштени во 1990-тите години како придонес во пензискиот систем пред војната претставува важен чекор кон постигнување на социјална правда и исправка на историските неправди (Constitutional Court of the Republic of Kosovo, 2023).

Спогодбата за стабилизација и асоцијација ја обврзува Косово да го подобри социјалното вклучување и да воспостави поправеден и поинклузивен систем на социјална заштита кој поддржува вработување и инклузивен раст. Реформирањето на пензиските шеми и создавањето систем базиран на директни придонеси е од суштинско значење за подобрувањето на финансиската одржливост и намалување на зависноста од државниот буџет (European Union & Kosovo, 2015).

За да се создаде поодржлив и поинклузивен пензиски систем, реформата мора да се справи со тековната фрагментираност и нестабилност на структурата. Ова вклучува изработка на сеопфатен Закон за пензии и социјални бенефиции, кој ќе овозможи праведна распределба и ќе ги обедини постојните шеми, обезбедувајќи праведен третман за сите граѓани. Дополнително, воспоставувањето на Фонд за социјално осигурување е од клучно значење за гарантирање на одржливо финансирање на пензиите и другите социјални бенефиции, намалување на зависноста од државниот буџет и обезбедување транспарентност во управувањето со придонесите.

Новиот пензиски систем треба да се базира на четири основни столба: Нулти столб за социјални пензии за најранливите групи; Прв столб за пензии базирани на придонеси; Втор столб за задолжителниот Пензиски заштеден фонд; и Трет столб за доброволно осигурување и бенефиции. Овој пристап има за цел создавање на одржлив и правичен пензиски систем, усогласен со меѓународните стандарди, кој ќе обезбеди еднаква социјална заштита за сите граѓани на Косово.

### 6.2.2. *Шемата за социјална помош*

Шемата за социјална помош (САС) во Косово е од витално значење во напорите на земјата за намалување на сиромаштијата и обезбедување поддршка за најранливите категории. Во 2017 година, САС сочинуваше 88% од вкупните расходи за социјална помош, што ја нагласува нејзината важност во борбата против сиромаштијата. Сепак, ефикасноста на оваа шема е ограничена од структурните и функционалните предизвици кои го попречуваат нејзиниот капацитет за целосно постигнување на своите цели.

Сегашните критериуми утврдени со Законот за шемата за социјална помош често исклучуваат клучни категории на населението во потреба, како што се домаќинствата со постари деца и работоспособните сиромашни, создавајќи структурни нееднаквости во пристапот до социјалната поддршка (Assembly of the Republic of Kosovo, 2003). Исклучувањето на овие групи од социјалната поддршка, и покрај нивната реална потреба за помош, ја ограничи ефикасноста на САС во сеопфатното и праведно адресирање на сиромаштијата.

Анализите од 2016 година покажуваат дека влијанието на САС врз намалувањето на сиромаштијата е ограничено, со намалување на сиромаштијата од само 1.9 процентни поени, од 16.3% на 14.4%, и намалување на јазот на сиромаштијата за 1.6 процентни поени. Дополнително, само 35.5% од најсиромашниот квинтил имаат корист од социјалната помош, што го прави Косово една од земјите со најниска покриеност на програмите за социјална помош во Источна и Централна Азија, вклучувајќи ги Грузија и Албанија (World Bank, 2019).




*Фигура 10: Покриеност на најсиромашниот квинтил (Q1) од програмите на ШСП*
*Извор: Светска банка. 2019. Косово: Евалуација на влијанието на ШСП*

Тековниот систем на САС покажува недоволна ефикасност во таргетирањето на сиромашната популација поради тесните категоријални критериуми кои исклучуваат ранливи групи, како што се домаќинствата со деца и работоспособните сиромашни (World Bank, 2022). За да се подобри прецизноста во таргетирањето и да се зголеми покриеноста на шемата, неопходна е сеопфатна реформа. Оваа реформа треба повторно да ги разгледа постојните критериуми и да воведе нов метод за проценка на сиромаштијата кој ќе ги земе предвид и формалните и неформалните приходи, вклучувајќи ги дознаките и животниот стандард.

Дополнително, интеграцијата на програми за вработување и развој на вештини во оваа шема би помогнала во намалувањето на зависноста од социјалната помош и би создала одржливи можности за излез од сиромаштијата. Преку овие реформи, системот на социјална заштита во Косово би можел да стане поефикасен и поотпорен на идни кризи, обезбедувајќи поиздржлив безбедносен механизам за најранливите граѓани.

### *6.2.3. Социјални услуги*

Социјалните услуги во Косово претставуваат фундаментален столб на јавните политики, насочени кон социјалната заштита и унапредувањета на благосостојбата на најранливите поединци и групи во општеството. Иако Законот за социјални и семејни услуги јасно ги дефинира должностите и одговорностите за испорака на овие услуги, значајните институционални и финансиски предизвици и понатаму сериозно ја ограничуваат нивната ефикасност во пракса (Law on Social and Family Services, 2023).

Децентрализацијата на социјалните услуги, започната во 2009 година, беше дизајнирана за да ја зајакне локалната автономија и да го подобри пристапот на граѓаните до услугите. Сепак, овој процес останува нецелосен и ја истакна изразената асиметрија меѓу централното и локалното управување. Оваа неусогласност значително ја намали способноста на општините да обезбедат адекватни и ефикасни услуги според локалните потреби, додека Одделот за социјална и семејна политика во рамките на Министерството за финансии, труд и трансфер (МФТТ) и понатаму задржува клучни надлежности во управувањето со социјалните услуги, што е во спротивност со принципот на локална автономија (World Bank, 2022).

Понатаму, недоволното финансирање останува критична пречка, со само 0.05% од БДП алоцирани за социјални услуги, што ја одразува ниската приоритетност на социјалните политики во националната агенда. Овој недостаток на финансирање не само што го ограничува развојот и подобрувањето на постојните услуги, туку исто така укажува на недостаток на посветеност за развој на сеопфатна и одржлива социјална политика. И покрај недоволното финансирање и ниската посветеност за развој на инклузивните социјални политики, меѓународните напори, особено преку средствата од ЕУ, помогнаа да се подобри соработката и координацијата меѓу институциите и невладините организации, што во одредена мера ги компензираше структурните слабости и овозможи поуспешна имплементација на социјалните политики на локално ниво (European Union, 2024).

За социјалните услуги да го исполнат својот потенцијал како клучен инструмент за социјална инклузија и еднаквост, од суштинско значење е овие услуги целосно да се интегрираат со социјалните бенефиции и да се зајакнат институционалните и финансиските капацитети. Оваа интеграција треба да вклучи развој на поодржлив и поинклузивен систем на социјална заштита, обезбедувајќи ефективна координација помеѓу услугите и

бенефициите, така што помошта ќе се испорачува навремено и хармонизирано на сите корисници. Дополнително, имплементацијата на современите технологии за управување со информациите и подобрувањето на дигиталната инфраструктура се клучни за да се обезбеди дека социјалните услуги се испорачуваат согласно највисоките стандарди, помагајќи во создавање на правичен, одржлив и инклузивен систем на социјална заштита за сите граѓани на Косово.

### *6.3. Развој на одржлив модел*

За да се обезбеди долгорочна одржливост, социјалните политики во Косово мора да бидат тесно усогласени со стратешките цели на економскиот развој. Оваа интеграција е од суштинско значење за поттикнување на одржлив раст, создавање работни места и намалување на сиромаштијата, обезбедувајќи праведна распределба на економските придобивки. Одржливиот модел на социјалната заштита треба да биде поддржан од стабилни финансиски ресурси способни да издржат кризи и да обезбедат поддршка за најранливите категории — постарите лица, лицата со попреченост и оние кои живеат во сиромаштија.

Системите за социјална заштита претставуваат критични столбови на социо-економската стабилност. Во контекст на Косово, развојот на одржлив модел претставува мултидимензионален напор кој бара длабоки реформи на постојните структури и мора да се изгради врз современите теории за социјална заштита и економски развој. Клучен елемент за одржливоста на системите за социјална заштита е зајакнувањето на финансиската отпорност. Студиите сугерираат дека ефективната социјална заштита бара праведен баланс во распределбата на ограничените ресурси и дистрибуцијата на бенефициите на најранливите групи (Barr, 2012).

Во Косово, тековната распределба на ресурсите е преку директни парични трансфери, кои често не ги адресираат структурните причини за сиромаштија. Пандемијата на КОВИД-19 ги истакна слабостите на постојните системи, потврдувајќи ја потребата од реформи кои ќе ја зголемат флексибилноста и приспособливоста на системите за да можат да ги издржат идните кризи (World Bank, 2021).

Теориите за социјална инклузија ја нагласуваат важноста на целосната интеграција на ранливите групи во општеството преку проактивни политики. Социјалната исклученост бара структурни интервенции за подобрување на учеството на овие групи во економскиот и социјалниот живот (Silver, 1994). Зајакнувањето на инклузијата на жените и маргинализираните групи на пазарот на трудот е клучно за намалување на зависноста од социјална помош и за поттикнување на економска самостојност и социјална позиционираност на ранливите групи (Rawls, 1971).

Тековниот систем за бенефиции за лицата со попреченост во Косово е фрагментиран и неадекватен. Интеграцијата на лицата со попреченост на пазарот на трудот ја зголемува еднаквоста и ја намалува социјалната исклученост, придонесувајќи за поинклузивно општество (European Commission, 2021). За одржлив модел на социјална заштита, приоритет мора да биде заштитата на најранливите групи.

Користењето на емпириски анализи и точни податоци е клучно за развој на ефективен модел на социјална заштита. Микросимулациските модели им помагаат на креаторите на политиките да ги предвидат резултатите од реформите и да ги оптимизираат мерките за интервенција (Atkinson & Marlier, 2010). Проширувањето на критериумите за

подобност и интеграцијата на дигитални системи го подобрија вклучувањето и таргетирањето на помошта за ранливите групи, иако останува потребата да се избегнат строги категоријални критериуми.

## 7. Заклучок

Овој докторски проект ги адресираше главните социо-економски предизвици во Косово и нивното влијание врз благосостојбата на граѓаните, идентификувајќи ги структурните и институционалните пречки кои го попречуваат одржливиот развој на земјата. Сепак, овие предизвици исто така можат да претставуваат можности за понатамошно унапредување и трансформација.

Приватизацијата во Косово, иако одигра клучна улога во транзицијата кон слободна пазарна економија, и понатаму бара институционални реформи и ревизија на политиките за да се обезбедат поодржливи и праведни резултати за сите граѓани. Идните напори треба да бидат насочени кон зголемување на транспарентноста и зајакнување на капацитетите на институциите што го управуваат овој процес.

Странските директни инвестиции се од витално значење за развој на инфраструктурата и модернизација на стратешките сектори. За да се постигне максимално позитивно влијание, Косово мора да ја подобри бизнис-климата и да го зајакне владеењето на правото со справување со предизвиците поврзани со корупцијата и политичката стабилност. Диверзификацијата на економските сектори, особено во технологијата и земјоделството, ќе биде клучна за долгорочен раст.

Дознаките придонесуваат за стабилизирање на благосостојбата на домаќинствата и помогнаа во покривање на трговскиот дефицит, но остануваат финансиски ресурси кои треба да се насочат кон продуктивни инвестиции. Развојот на финансиски механизми и политики што ги охрабруваат дознаките да се користат за одржливи и проекти насочени кон раст е од суштинско значење за намалување на зависноста од дознаки за непосредна потрошувачка.

На пазарот на трудот, демографската структура и високата стапка на невработеност, особено кај младите и жените, бараат сеопфатни и добро координирани политики. Инклузијата на младите и намалувањето на родовите нееднаквости треба да бидат приоритет во економските и социјалните реформи на Косово.

Социјалната заштита останува клучен елемент за одржување на социјалната стабилност и подобрување на благосостојбата на граѓаните. Изградбата на одржлив и инклузивен систем за социјална заштита бара длабоки реформи, кои треба да се базираат на превентивни пристапи и механизми за поддршка што ефикасно се справуваат со сиромаштијата и социјалната исклученост. Реформата на пензискиот систем и шемата за социјална помош е неопходна за да се обезбеди еднаква заштита и поддршка за најранливите групи.

Во заклучок, оваа студија презентира јасни препораки за спроведување реформи што ќе ги зајакнат институционалните структури, ќе ја подобрат бизнис-климата и ќе обезбедат поправедна распределба на економските ресурси. Овие стратегии и политики се од суштинско значење за создавање одржлива основа за справување со идните предизвици и за изградба на подобра иднина за граѓаните на Косово.

## Литература


Agjencia Kosovare e Privatizimit. (2008). Raporti Vjetor;

Assembly of the Republic of Kosovo. (2003). Law No. 2003/15 on the Social Assistance Scheme. Official Gazette of the Provisional Institutions of Self-Government in Kosovo. Retrieved from https://gzk.rks-gov.net/ActDetail.aspx?ActID=2460;

Assembly of the Republic of Kosovo. (2015). Law No. 05/L-020 on Gender Equality. Official Gazette of the Republic of Kosovo. Retrieved from https://gzk.rks-gov.net;

Atkinson, A. B., & Marlier, E. (2010). Income and living conditions in Europe. Eurostat Statistical Books. Publications Office of the European Union. (p.p. 370-371). Retrieved from https://ec.europa.eu/eurostat/documents/3217494/5722557/KS-31-10-555-EN.PDF.pdf/e8c0a679-be01-461c-a08b-7eb08a272767?t=1414775335000

Bajra, U. Q. (2021). The interactive effects of remittances on economic growth and inequality in Western Balkan countries. Journal of Business Economics and Management, (p.766) Retreived from https://doi.org/10.3846/jbem.2021.14587;

Bajra, U. Q. (2021). The interactive effects of remittances on economic growth and inequality in Western Balkan countries. Journal of Business Economics and Management, (p.p. 765 - 766) Retreived from https://doi.org/10.3846/jbem.2021.14587;

Barr, N. (2012). Economics of the Welfare State (5th ed.). Oxford: Oxford University Press;

Bellaqa, B., & Tmava, Q. (2018). Impact of Remittances on Economic Development and Management of Remittances: Evidence from Kosovo. International Journal of Economics, Commerce and Management, United Kingdom, (p.185). Retrieved from https://ijecm.co.uk/wp-content/uploads/2018/04/6413.pdf;

Central Bank of Kosovo. (2023). Annual Report 2023. Pristina, Kosovo. (p. 36). Retrieved from https://bqk-kos.org/wp-content/uploads/2024/07/CBK_AR_2023.pdf;

Central Bank of Kosovo. (2023). Annual Report 2023. Pristina, Kosovo. (p. 36). Retrieved from https://bqk-kos.org/wp-content/uploads/2024/07/CBK_AR_2023.pdf;

Collaku, B., & Merovci, S. (2021). The impact of remittance in economic growth. Empirical evidence from the Western Balkan countries. Academy of Accounting and Financial Studies Journal, (p.p. 1-9). Retrieved from https://www.abacademies.org/articles/The-impact-of-remittance-in-economic-growth-empirical-evidence-from-the-western-balkan-countries-1528-2635-25-4-750.pdf;

Constitutional Court of the Republic of Kosovo. (2023, January 16). Judgment in case no. KO190/19: Assessment of the constitutionality of Article 8, paragraph 2, of Law no. 04/L-131 on state-funded pension schemes regarding Articles 5 and 6 of Administrative Instruction (MPMS) no. 09/2015. Constitutional Court of the Republic of Kosovo. Retrieved from: https://gjk-ks.org/wp-content/uploads/2023/01/ko_190_19_agj_shq.pdf;

Council of Europe. (2011). Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence (Istanbul Convention). Council of Europe Treaty Series – No. 210. Retreived from https://abgj.rks-gov.net/assets/cms/uploads/files/Konventa%20e%20Stambollit%20%20210%20Albanian(1).pdf

Council of the European Union. (2015). Stabilisation and association agreement between the European Union and Kosovo (p. 94). Retrieved from https://www.consilium.europa.eu/en/press/press-releases/2015/10/27/kosovo-eu-stabilisation-association-agreement/;

Estrin, S., & Pelletier, A. (2015). Privatisation in developing countries: What are the lessons of experience? London School of Economics, (p. 23). Retrieved from http://partnerplatform.org/eps-peaks;

Estrin, S., Hanousek, J., Kočenda, E., & Svejnar, J. (2009). Effects of privatization and ownership in transition economies (Policy Research Working Paper 4811). The World Bank, (p. 14). Retrieved from https://doi.org/10.1596/1813-9450-4811;

European Commission. (2009). Kosovo under UNSCR 1244/99 2009 Progress Report (p.p. 21-23). Retrieved from https://op.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/acf700b7-0c73-40e0-9808-cd2cb1952fe5;

European Commission. (2021). Disability assessment and determination in European countries: Comparative report. European Commission. (p.p. 126-127). Retrieved from https://ec.europa.eu/social/BlobServlet?docId=27699&langId=en;

European Commission. (2021). Disability assessment and determination in European countries: Comparative report. European Commission. (p.p. 126-127). Retrieved from https://ec.europa.eu/social/BlobServlet?docId=27699&langId=en;

European Commission. (2023). Kosovo 2023 Report. (p.p. 95). Retrieved from https://www.eeas.europa.eu/sites/default/files/documents/2023/SWD_2023_692%20Kosovo%20report_0.pdf;

European Journal of Economic & Financial Research. (2021). The effect of FDI on economic growth in Kosovo. (pp. 107-108). Retrieved from https://oapub.org/soc/index.php/EJEFR/article/view/1091;

European Union & Kosovo. (2015). Stabilization and Association Agreement between the European Union and the Republic of Kosovo. Official Journal of the European Union. (p. 116) Retrieved from https://www.consilium.europa.eu/en/press/press-releases/2015/10/27/kosovo-eu-stabilisation-association-agreement/;

European Union. (2024). Evaluation of EU support on social protection in Kosovo. (p.8). Retrieved from https://www.eeas.europa.eu/sites/default/files/documents/2024/Report_Evaluation%20EU%20support%20to%20social%20protection_2019-23.pdf;

European Union. (2024). Evaluation of EU support on social protection in Kosovo. (p.9). Retrieved from https://www.eeas.europa.eu/sites/default/files/documents/2024/Report_Evaluation%20EU%20support%20to%20social%20protection_2019-23.pdf;

GAP Institute. (2024). Propensity to emigrate from Kosovo following visa liberalization: Implications for the workforce (p. 6). Retrieved from https://www.institutigap.org/publications;

Germin & UNDP. (2023). Kosovo Diaspora and its Role Amidst Multiple Crises. Prishtina, Kosovo: Germin. (p. 30). Retrieved from https://www.undp.org/sites/g/files/zskgke326/files/2023-05/Kosovo%20Diaspora%20and%20its%20Role%20Amidst%20Multiple%20Crises_ENG.pdf;

GIZ. (2020). The labor market and employment forms in Kosovo. Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ). (p. 6). Retrieved from https://koscdf.org/wp-content/uploads/2021/01/Tregu-i-punes-dhe-format-e-punesimit.pdf;

Government of Kosovo, Ministry of Education, Science, Technology and Innovation. (2022). Education strategy 2022-2026 (pp. 41-45). Retrieved from https://masht.rks-gov.net/en/education-strategy2022-2026/;

Government of Kosovo. (2020). Kosovo Programme for Gender Equality 2020-2024. Office of the Prime Minister, Agency for Gender Equality. Retreived from https://abgj.rks-gov.net/assets/cms/uploads/files/Programi%20i%20Kosov%C3%ABs%20p%C3%ABr%20Barazi%20Gjinore%202020-2024%20-%20SHQIP%20-%20FINAL.pdf;

Haliti, B., Merovci, S., & Rexha, D. (2019). Impact of investment environment on Foreign Direct Investment (FDI): Case of the Republic of Kosovo. Research Journal of Finance and Accounting, (p.p. 66 – 67). Retrieved from https://core.ac.uk/download/pdf/234632795.pdf;

Ibraimi, X. (2022). Privatization in post-war Kosovo: Legal review. Journal of Governance & Regulation, (p.121). Retrieved from https://doi.org/10.22495/jgrv11i1art11;

Institute for Free Market Economy (IFME). (2019). Foreign direct investment in Kosovo. The investment climate, potential and barriers. Konrad-Adenauer-Stiftung. (p.p. 21-28). Retrieved from https://ietl-oek.com/wp-content/uploads/2020/09/19-12-24-Foreign-Direct-Investment-in-Kosovo-The-InvestmentClimate-Potential-and-Barriers-ALB.pdf;

Ivlevs, A., King, R., & Ozden, Ç. (2018). Migration, Remittances, and Subjective Well-Being: Evidence from 114 Countries Using Gallup World Poll Data. Journal of Migration Studies, (p.p. 17 -23) Retreived from https://www.econstor.eu/bitstream/10419/268615/1/1830676466.pdf;

Kikeri, S., & Nellis, J. (2004). An assessment of privatization. World Bank Research Observer, (p.p. 87-118). Retrieved from https://doi.org/10.1093/wbro/lkh014;

Knudsen, R. A. (2010). *Privatization in Kosovo: The International Project 1999-2008*. Norwegian Institute of International Affairs. (p.p.14 -15). Retrieved from https://www.files.ethz.ch/isn/121346/Knudsen%20report-NUPI%20Report.pdf;

Knudsen, R. A. (2010). Privatization in Kosovo: The International Project 1999-2008. Norwegian Institute of International Affairs. (p.p.17 -25). Retrieved from https://www.files.ethz.ch/isn/121346/Knudsen%20report-NUPI%20Report.pdf;

Konrad Adenauer Stiftung, Manuali për Investitorët e Huaj, (2020). (p. 38). Retrieved from https://www.kas.de/en/web/kosovo/single-title/-/content/a-foreign-investor-s-guide-to-kosovo;

Konrad Adenauer Stiftung, Manuali për Investitorët e Huaj, 2020, (p.p. 38 -39). Retrieved from https://www.kas.de/en/web/kosovo/single-title/-/content/a-foreign-investor-s-guide-to-kosovo;

Kosovo Agency of Privatization. (2006). StoneCastle Winery: A case of successful privatization in Kosovo. Retrieved from https://www.pak-ks.org/Page.aspx?id=2,%2010,43;

Kosovo Agency of Statistics. (2024). Labour force survey 2023. Government of Kosovo. (p. 26). Retrieved from https://askapi.rks-gov.net/Custom/d8b6019c-eccf-419f-a5b0-9fb7df247ce3.pdf;

Kosovo Agency of Statistics. (2024). Labour force survey 2023. Government of Kosovo. (p. 5). Retrieved from https://askapi.rks-gov.net/Custom/d8b6019c-eccf-419f-a5b0-9fb7df247ce3.pdf;

Kosovo Credit Guarantee Fund. (2024). Diaspora Investment Window. Retrieved August 15, 2024, Retreived from https://fondikgk.org/dritarja-diaspores/;

Kuvendi i Republikës së Kosovës. (2014). Ligji Nr. 04/L-220 për Investimet e Huaja. Gazeta Zyrtare e Republikës së Kosovës. https://gzk.rks-gov.net/ActDocumentDetail.aspx?ActID=8982;

Kuvendi i Republikës së Kosovës. (2017). Ligji Nr. 05/L-079 për Investimet Strategjike në Republikën e Kosovës. Gazeta Zyrtare e Republikës së Kosovës. https://gzk.rks-gov.net;

Law on Social and Family Services. No. 08/L-255. (2023). Assembly of the Republic of Kosovo. Retrieved from https://gzk.rks-gov.net/ActDetail.aspx?ActID=85111;

Ligji për Agjencinë Kosovare të Privatizimit, Nr. 03/L-067, (2008). Retrieved from https://gzk.rks-gov.net/ActDetail.aspx?ActID=2529;

Ligji për Dhomën e Posaçme të Gjykatës Supreme të Kosovës për Çështjet në lidhje me Agjencinë Kosovare të Privatizimit, Nr. 04/L-033, (2011), Retrieved from https://gzk.rks-gov.net/ActDetail.aspx?ActID=2774;

Malcolm, N. (1998). Kosovo: A Short History (p.p. 344-347). New York University Press;

Megginson, W. L., & Netter, J. M. (2001). From state to market: A survey of empirical studies on privatization. Journal of Economic Literature, (p.p. 321 -389). Retrieved from https://www.jstor.org/stable/2698594;

Muharremi, Arben. (2012) "Analiza e sfidave ekonomike dhe ligjore në procesin e privatizimit në Kosovë." Kosovo Law Journal, (p. 32);

Oda Ekonomike Amerikane në Kosovë. (2021). Investimet e Huaja Direkte në Kosovë (p. 8). https://www.amchamksv.org/wp-content/uploads/2021/07/FDI-ne-Kosove.pdf;

OECD (2024), Western Balkans Competitiveness Outlook 2024: Kosovo, Competitiveness and Private Sector Development, OECD Publishing, Paris. (p. 39). Retrieved from https://www.oecd.org/content/dam/oecd/en/publications/reports/2024/06/western-balkans-competitiveness-outlook-2024-kosovo_8d0f23ec/ff74ae0e-en.pdf;

Rawls, J. (1971). A theory of justice (Rev. ed.). Harvard University Press.(p.p. 81 -86). Retreived from https://giuseppecapograssi.wordpress.com/wp-content/uploads/2014/08/rawls99.pdf;

Regional Cooperation Council (RCC). (2022). Women and youth unemployment in Western Balkans with particular focus on Kosovo. Population and Economics, (p.14). Retrieved from https://www.rcc.int/download/docs/Labour-Market-in-the-Western-Balkans.pdf/133ff213a0c4db81c247658192a9edc6.pdf;

Regional Cooperation Council (RCC). (2023). Unleashing the potential for competitiveness: Trends in the Western Balkans. Regional Cooperation Council. (p.9.). Retrieved from https://www.rcc.int/download/docs/Unleashing-the-Potential-for-Competitiveness-Trends-in-the-Western-Balkans-revised.pdf/ee83f1da7731009ba1db7fd812d030a4.pdf;

Regional Cooperation Council. (2022). WB6 Digital Economy and Society Index 2022 Report. RCC. (p. 30). Retrieved fromhttps://www.rcc.int/download/docs/WB%20Desi%20Report%202022%2025%2005%202023%20final%20HR.pdf/43a521a624cf08523a2268a67a7be2ff.pdf;

Regional Cooperation Council. (2022). WB6 Digital Economy and Society Index 2022 Report. RCC. (p. 30). Retrieved from https://www.rcc.int/download/docs/WB%20Desi%20Report%202022%2025%2005%202023%20final%20HR.pdf/43a521a624cf08523a2268a67a7be2ff.pdf;

Regional Cooperation Council. (2022). WB6 Digital Economy and Society Index 2022 Report. RCC. (p. 56). Retrieved from https://www.rcc.int/download/docs/WB%20Desi%20Report%202022%2025%2005%202023%20final%20HR.pdf/43a521a624cf08523a2268a67a7be2ff.pdf;

Riinvest Institute. (2015). Privatization in the energy sector in Kosovo. Prishtina. (p.p 10) Retrieved from https://www.riinvestinstitute.org/uploads/files/2016/September/21/Privatizimi_Sektori_energjise_shq1474445380.pdf;

Silver, H. (1994). Social exclusion and social solidarity: Three paradigms. International Labour Review, 133(5-6). (531-578). Retrieved from https://www.bristol.ac.uk/poverty/ESRCJSPS/downloads/research/uk/1%20UK-Poverty,%20Inequality%20and%20Social%20Exclusion%20(General)/Articles%20(UK%20general)/Silver-Social%20Exclusion%20and%20Social%20Solidarity.pdf;

Terziu, H. (2015). Privatization in Kosovo: A critical analysis. Iliria International Review. (p.p.67-82). Retrieved from https://www.ceeol.com/search/article-detail?id=442205;

U.S. Department of State. (2024). 2024 Investment climate statements: Kosovo. Retrieved from https://www.state.gov/reports/2024-investment-climate-statements/kosovo/;

UNDP Kosovo. (2020). Correlation between labour market in Kosovo and out migration (p. 43). Retrieved from https://www.undp.org/sites/g/files/zskgke326/files/migration/ks/PPAnalysisEng.pdf;

United Nations Interim Administration Mission in Kosovo (UNMIK). (2006). Report of the Secretary-General on the United Nations Interim Administration Mission in Kosovo. (p.p. 15-17). United Nations. Retrieved from https://undocs.org/S/2006/707;

United Nations. (1979). Convention on the Elimination of All Forms of Discrimination against Women (CEDAW). Adopted and opened for signature, ratification, and accession by General Assembly resolution 34/180 of 18 December 1979. Retrieved from https://abgj.rks-gov.net/assets/cms/uploads/files/Legjislacioni/Konvent%20CEDAW.pdf;

UNMIK Regulation 2002/12 on the Establishment of the Kosovo Trust Agency, 2002, (p. 3). Retrieved from https://unmik.unmissions.org/sites/default/files/regulations/02english/E2002regs/RE2002_12.pdf

World Bank Group. (2004). Kosovo - Economic memorandum. Washington, D.C.: (p.p.34). Retrieved. from http://documents.worldbank.org/curated/en/696871468773086686/Kosovo-Economic-memorandum;

World Bank. (2010). Kosovo: Unlocking growth potential: Strategies, policies, actions. (p.p. 55 - 68). Retrieved from https://documents.worldbank.org/en/publication/documents-reports/documentdetail/276541468047941730/Kosovo-Unlocking-growth-potential-strategies-policies-actions-a-country-economic-memorandum;

World Bank. (2019). Kosovo: Social Assistance Scheme Impact Evaluation. World Bank Group. (p.29). Retrieved from https://documents1.worldbank.org/curated/ar/735041568800514784/pdf/Kosovo-Social-Assistance-Scheme-Study-Assessment-and-Reform-Options.pdf;

World Bank. (2021). Western Balkans Regular Economic Report No. 20. (p.19). Retrieved from https://openknowledge.worldbank.org/bitstreams/4ad0785b-5146-52b2-bc70-0883d1cc184a/download;

World Bank. (2022). Western Balkans social protection situational analyses: Kosovo. International Bank for Reconstruction and Development / The World Bank. (p.p.15 -16) Retrieved from http://documents1.worldbank.org/curated/en/099255003172230352/pdf/P176230099581a01a099140dad12d38ba14.pdf;

World Bank. (2022). *Western Balkans social protection situational analyses: Kosovo*. International Bank for Reconstruction and Development / The World Bank. (p. 9) Retrieved from http://documents1.worldbank.org/curated/en/099255003172230352/pdf/P176230099581a01a099140dad12d38ba14.pdf;

World Bank. (2022). Western Balkans Social Protection Situational Analyses: Kosovo. International Bank for Reconstruction and Development / The World Bank. (p.23.). Retreived from http://documents1.worldbank.org/curated/en/099255003172230352/pdf/P176230099581a01a099140dad12d38ba14.pdf;

World Bank. (2022). Western Balkans Social Protection Situational Analyses: Kosovo. International Bank for Reconstruction and Development / The World Bank. (p.13.). Retreived from http://documents1.worldbank.org/curated/en/099255003172230352/pdf/P176230099581a01a099140dad12d38ba14.pdf;